**Оригинален труд**
**UDC 929 ARHELAJ I**
**UDC 94(381)”-0413/-0399”**

# ЦИВИЛИЗАЦИСКИТЕ ВИЗИИ НА МАКЕДОНСКИОТ КРАЛ АРХЕЛАЈ I (413‡399 год. пред н.е.)

**Катерина Младеновска-Ристовска**
*Институт за национална историја, Скопје, Македонија*

**Key words:** King Archelaus I (413-399 B.C.); military reforms; monetary reforms; politic reforms; cultural reforms.

**Summary:** The Macedonian Kingdom had very many capable rulers who provided free politic, economic, military and cultural development of the state towards the pedestal of the powerful Balkans factor and the world empire through decades. Among them special place takes the Macedonian king Archelaus I (413–399 B.C.) who successfully stroke back at the Hellenic world on all fields of the social, politic, economic and cultural life. In rivalry for prestige he used all the traditional Macedonian experience but without reserve he accepted, supported and propagandized the prohellenism not to assimilate his people but to give new civilization glow and reputation to the king court and with the prohellenic propaganda to acquire the Hellenic world in order to impose more easily the Macedonian political hegemony. After he ensured the throne, for quick development of the state in order to keep pace with the contemporary civilization course he performed important politic, economic, military and cultural reforms.

Македонското Кралство имало редица мошне способни владетели, кои низ децении ја создавале основата на политичкиот, на економскиот, на воениот и на културниот развиток на државата кон пиедесталот на моќен балкански фактор и светска империја. Меѓу нив особено место зазема македонски крал Архелај I (413‡399 год. пред н.е.)[1], кој успешно му парирал на хеленскиот свет на сите полиња на општествено-политичкиот, на економскиот и на културниот живот.

Според едно предание, Архелај I незаконски застанал на македонскиот престол, откако ги елиминирал сите можни соперници и претенденти. Имено, неговиот татко, кралот Пердика II, во времето на

[1] Во зачуваните историски извори тој е прв носител на ова име меѓу античките Македонци. Притоа разбирливо го отфрлам истоимениот митски крал, син на митскиот крал Темен и основач на Македонското Кралство, измислен во творечката имагинација на големиот трагедиограф Еврипид во неговата драма „Архелај“ од 407 год. пред н.е.

смртта, со сопругата Клеопатра[2] имал 7-годишен син, но со робинката на неговиот брат Алкета го имал веќе возрасниот син Архелај. Безмилосниот Архелај ги поканил на гозба својот чичко Алкета и неговиот син Александар, па откако ги опил, ги ликвидирал. Младиот полубрат, пак, го фрлил во бунар, лажејќи ја неговата мајка дека се удавил гонејќи гуска. И така, откако насилно ги елиминирал можните претенденти на престолот, Архелај, можеби без наследно право, поради потеклото од мајка-робинка, го презел владеењето во Македонското Кралство (Platon, 1938–1940: *Gorg.*, 471 a–c).

Сосема е оправдано сомневањето во веродостојноста на ова предание како можна злобна измислица. Цела низа автори сметаат дека Архелај немал причина за таков насилен пат до престолот и некритички би било да се прифати тоа (Borza, 1990: 161–162; Проева, 2004: 183–185 и др.). Или, подобро речено, која и да е вистината во преданието, „Архелај поседувал способност на којашто Тукидид очигледно ѝ се восхитувал" (Hammond – Grifith, 1979: 137).

* * *

Откако го осигурал престолот, со цел да ја издигне државата во современите цивилизациски текови, кралот Архелај подготвил добро осмислен план и се зафатил со крупни политички, воени, економски и културни реформи. Додека Пердика II, главно, бил преокупиран со надворешната политика и го запоставил внатрешното уредување во државата, за Архелај, во прв план, се нашле внатрешните реформи во државата. Знаел дека реформите ќе го закрепнат и ќе го осигураат влијанието на централната власт во државата, ќе придонесат за отворањето на земјата кон хеленскиот свет и за оживувањето на трговските односи. „Тој се покажал како човек со енергија, храброст и визија; тој бил амбициозен да ја внесе Македонија во арената на хеленската политика" (Hammond – Grifith, 1979: 141).

Во соперништвото за престиж, Архелај го користел сето традиционално македонско искуство, но безрезервно го прифаќал, го поддржувал и го пропагирал прохеленството, не за да го асимилира својот народ, туку со цел да му даде на кралскиот двор еден нов цивилизациски сјај, а со прохеленската пропаганда да го придобие

---

[2] *Клеопатра*, изгледа, било најомиленото име во долгото минато на Македонското Кралство. Освен сопругата на кралот Пердика II, тоа име го носела и сопругата на кралот Архелај, сестрата на Македонецот Хипострат и сопруга на кралот Филип II, ќерката на кралот Филип II и кралицата Олимпијада и многу други. Многу често ова име било и во подоцнежниот период, како во Македонија, така и надвор од неа, на териториите на големата некогашна македонска империја.

хеленскиот свет и да се обиде постапно на дел од него да му наметнува македонска политичка хегемонија. Тој ги имал сите предуслови за брз напредок на државата, но бил воден и од големи лични и патриотски амбиции.

За политичките реформи, во прв ред, многу добро му дошла општата политичка криза и воената исцрпеност на хеленските држави од долгогодишната Пелопонеска војна, започната уште во 431 год. пред н.е., а која сè уште била во несмалено разгорен тек. Притоа, Македонското Кралство веќе не било цел на директен воен и економски притисок од хеленските хегемонистички држави, во прв ред од ослабената и исцрпена Атина, особено по нејзиниот катастрофален пораз на Сицилијанската експедиција во поморската битка кај Сиракуза (3 и 7. IX 413 год. пред н.е.). Во непосредната околина на Македонското Кралство, пак, Тесалија била растргната со внатрешни општествени и политички превирања на слабеење на власта на родовската аристократија и заменување со режими на тиранија. По долгите воени превирања, на Халкидик се почувствувал релативен мир, а единствен независен полис останал Амфипол, сосредоточен само на зачувувањето на својот мирен развиток, без никаква експанзионистичка моќ.

**Воените реформи.** Секојдневно соочен со исчекување на известувања за Пелопонеската војна во поширокиот регион и збиднувањата во непосредното соседство, Архелај бил свесен дека сигурноста на државата е во прв ред во одбранбените тврдини, нивните меѓусебни комуникациски врски и моќта на воените сили – нивната бројност, родовскиот состав, вооружувањето, воената опрема и ефикасноста на нивната употреба. Затоа, тој презел опсежни воени реформи.

За нив Тукидид пишува: „Подоцна, кога стана крал Архелај, синот на Пердика, тој изгради тврдини, коишто сега постојат во земјата, проби прави патишта и ги уреди останатите воени работи: коњицата, вооружувањето и целата спрема и тоа подобро одошто сите осум кралеви што владееле пред него“ (Thucydides, 1942: II, 100, 2).

Како искусен воен стратег и историчар, Тукидид дал мошне висока оцена на неговиот придонес со така опсежните воени реформи, а тој пишувал според личното познавање на Македонија и веројатно и самиот Архелај.

Во рамките на воените реформи, Архелај стратешки го зајакнал македонскиот воен потенцијал. Пред неговото доаѓање на власт, во македонската професионална војска служеле само претставниците на аристократијата. Тој решил да го демократизира тоа право, достапно за

сите жители што можеле да си купат воена опрема со сопствени средства и да служат во тешката пешадија како хоплити[3]. Тоа било од особено значење за селаните, па со така демократизираната основа на воената служба, забележително ја зголемил нејзината бројност, но и лојалноста и патриотизмот во државата. Воените сили станале дисциплинирана армија.

Архелај се ангажирал и за изработката на подобро оружје од сите видови и соодветно ја подобрил и коњичката опрема на реорганизираната коњица. А во Македонија имало доволно потребни суровини и можности за производство на бакар, на бронза и на железо, како и технологија за производство на оружје.

Исто така, се ангажирал и во изработка на фрлачки направи за опсада на тврдини, како и за разрешувањето на проблемот со снабдувањето на војската со отворање на складишта за набавки на жито и на храна.

Од атинските бродоградители, пак, македонските занаетчии ја усвоиле технологијата на производство на воени бродови, од секоја страна со по три реда веслачки клупи едни над други, т.н. trijери,[4] но со финансиски тешкотии во нивното опремување.

До крајот на V век пред н.е. Архелај изградил и многу тврдини за безбедност на кралството, бидејќи тие пред неговото владеење „биле впрочем ретки“ (Thucydides, 1942: II, 100, 2). Подобрената патна мрежа, пак, била од далекусежно значење. Според Тукидид, кралот Архелај пробил нови „прави патишта“, приспособувајќи го попатниот простор. Тоа значи, дека патиштата што ги направил Архелај, не биле добро зацртаните патишта во обработливите низини меѓу градовите на Долна Македонија, туку веројатно пробивал нови, директни патишта и низ пошумените предели, коишто биле значајни за брзото движење на војската, посебно во областите на Горна Македонија.

Со подобрената реорганизирана коњица, новоизградените прави патишта и подобрената патна мрежа низ државата и кон соседните области, било значително подобрено движењето, снабдувањето и дополнувањето на војската, контролата на внатрешноста, трговските врски и комуницирањето со престолнината. Кратко речено, војската станала брзо подвижна, со зајакнати борбени средства и извежбани хоплити.

Очигледно преголемите ангажмани и амбиции барале и многу финансиски средства, што сепак успешно ги поднесувал, благодарение

---

[3] Тоа може да се заклучи од еден фрагмент на Анаксимен од Лампсак (Кацаровъ, 1922: стр. 71, бел. 3).

[4] Лат. *triremis* (трирема).

на рудниците, зајакнатото индивидуално стопанство и ковањето на ценети монети.

**Монетарната реформа.** Од економско-политички причини, Архелај извршил и монетарна реформа, со цел да конкурира на персискиот дарејк како тогашна најсилна монета. За таа цел тој го напуштил дотогашниот феникиски паричен систем и во ковањето се определил за големи номинали, но според нови стандарди. Имено, за своите сребрени монети го усвоил лидиско-персискиот стандард, при што ковал статери со тежина од 10,7 грама, познати како пентадрахми, со вредност од 2 персиски сребрени сигла од по 5,5 гр. (Polyainos, 1887: III, 10, 14.; Head, 1911: 220) Други, пак, автори овие статери ги сметаат за дидрадрахми или тетрадрахми (Шелдаров-Лилчиќ, 1994: 123).

Тој ковал монети од типот на Александар I со аверс/реверс: македонски коњаник / протом на коза, но и нов тип на монети: глава на момче со тенија / коњ; глава на Херакле / глава на волк. На неговите монети и натаму се гледа дивиот вепар, коњ во трк и коњ што стои мирно, потоа шлем со перјаница во вдлабен квадрат, но и протом на полуклекнат бик.

Бикот претставува длабока традиција наследена од критско-микенскиот културен круг кај пајонските племиња, од каде што веруваме дека го презема и Архелај, како симбол на моќ и доминација над покорените пајонски територии (Шелдаров-Лилчиќ, 1994: 196).

Интересно е и тоа што тој е првиот македонски крал, кој на монетите претставува орел, атрибут на Зевс, а е и првиот македонски владетел, кој започнал со ковање на бронзени монети. Тие се два типа со аверс/реверс: глава на лав / глава на волк или на вепар.

Негови монети се најдени и на територијата на денешна Република Македонија. Регистрирани се наоди на по еден сребрен статер од околината на Берово (Микулчиќ, 1973: 164) и од околината на Кочани (Шелдаров-Лилчиќ, 1994: 125).

Монетарната реформа на Архелај најочигледно го отсликува преминот на македонското натурално кон парично стопанство. Неговите монети биле прифатени и во соседните хеленски колонии, а продолжиле да се коваат и во времето на кралот Аероп (396‡392 год. пред н.е.).

**Основањето на новата македонска престолнина Пела.** Меѓу другото, Архелај донел храбра и далекусежна одлука за изградба на нов град и преместување на престолнината. Со помош на искусни хеленски архитекти, за локацијата за новата престолнина одбрал една височинка, опкружена со мочуришта, крај пловната река Loudias

(Лудија)[5] со пловен излез кон морето, во регионот западно од Солун, (кај современото с. Постол, Ениџе Вардарско). Со помош на хеленските архитекти, на просторот на исушените мочуришта, тој изградил нов урбанизиран град, со правоаголен уличен распоред, именуван како Пела,[6] и од геостратешки и политички причини, престолнината ја преселил од Ајга во овој поцентрален град во државата. Од него полесно можело да се комуницира и да се контролира целата територија на кралството, коешто веќе го контролирало просторот меѓу планината Пинд и реката Стримон (поопширно за Пела в. Petsas, 1978).

**Односите со Атина.** Атина имала очајна потреба за македонската дрвена граѓа за обнова на флотата. Во таква состојба, погледите за задоволувањето на потребите биле исклучиво свртени кон Македонското Кралство и кралот Архелај, кој пак од своја страна, во економската соработка ја гледал својата голема шанса за профитирање и остварување на сеопфатно подготвените политички, економски, воени и културни реформски цели во државата.

Во 411 год. пред н.е. Архелај му дозволил на помладиот атински пријател Андокид да сече дрва за весла за атинската флота на Самос во количини колку што сака (Andokides, 1913: 2, 11).

Во околностите на наизглед воспоставената внатрешна стабилност и безбедност од соседите, во 410 год. пред н.е., на западниот брег на Термајскиот Залив градот Пидна се обидел да ја отфрли македонската врховна власт, по што Архелај веднаш го опседнал. Опсадата на добро утврдениот град веројатно потрајала, па Архелај издејствувал атинска сојузничка воена помош, на чело со атинскиот државник и стратег Терамен.[7] Со својот одред атински војници и дваесет брода (Xenophon, 1940: 1, 1, 12), тој помогнал во целосното блокирање на опсадениот град иако претходно самата Атина го посакувала за своја база против Македонското Кралство. По преземањето на Пидна, како казна, за да ја уништи неговата трговска моќ, Архелај го дислоцирал градот за 20 стадии кон внатрешноста од брегот (Diodorus, 1896: 49, 1–2). Тоа веројатно требало да биде и пример на стравопочит за евентуалните идни обиди за свртување против матичната држава.

[5] Позната и како Кара Азмак.

[6] Ваков план на град, чии улици се сечат под прави агли, за првпат бил проектиран во V век пред н. е., а се смета за иновација на прочуениот архитект Хиподам од Милет.

[7] *Терамен* (*Theramenes*) (?–404 год. пред н.е.) – водач на умерените олигарси во Атина. Учествувал во поморските победи на Атина кај Абид и Кизик (410). При внатрешните немири во Атина во времето на Критија, бил осуден со смртна казна.

При олигархискиот преврат и преземањето на власта во ослабената Атина 411‡408 год. пред н.е., Архелај им возвратил со помош на атинските демократи за нивната поддршка при опсадата на Пидна, помагајќи им да ја повратат власта, со што значително го зголемил својот углед меѓу Атињаните. Нивната соработка постојано се проширувала и продлабочувала. Освен обезбедувањето дрвена граѓа, весла и други материјали за бродоградба, Архелај најверојатно им дозволил на атинските бродоградители да градат и трупови на бродови триреми во македонските пристаништа, како што планирал и Брасида на реката Стримон по освојувањето на Амфипол (Thucydides, 1942: 4, 108, 6). Откако ќе биле направени, атињаните ги влечеле труповите во Атина, каде што биле составувани бродовите и спуштани во море. За сето тоа, во еден декрет од 407/406 год. пред н.е., атинскиот народ му изразува прекумерна благодарност на Архелај за неговите пријателски услуги и добродетелства кон Атина, споменувајќи ги и неговите синови – *proxenoi* и *euergetai* на Атина (Hammond; Grifith, 1979: 138–139).

Сето ова значело економско профитирање од извозот на дрвената граѓа за бродоградба, осигурување на безбедноста од атински воени дејствија против Македонското Кралство, но и обезбедување поддршка за иницијатива во градењето нови политички односи во македонските интересни сфери.

И не само со Атина, Архелај постојано тежнеел да има добри или барем одржливи односи и со Спарта, зачувувајќи ја својата фактичка неутралност во завршните фази на Пелопонеската војна, со Атина и со Спарта, како главни протагонисти (Herodes, 1908: 19).

**Односите со Тесалија и со Спарта.** Со засилувањето на Македонското Кралство и со зголемените аспирации на кралот Архелај за политичко влијание во Хелада, вниманието било насочено и кон Тесалија,[8] која, за разлика од развиените хеленски полиси, била на многу понизок степен на општествен развиток, со слабо развиени врски со останатиот хеленски свет. Власта била во рацете на богатата аристократија, со многу меѓусебни ривалства и недоразбирања, а најизразита била борбата за престиж и за проширување на владенијата на градовите Лариса и Фера. Меѓу нивните олигарси, пак, посебно се истакнувал родот на Алевадите од Лариса. Но, состојбите биле излезени од контрола на властите, па цела Тесалија била потресувана

[8] Тесалија била област во североисточна Хелада. Таа била пространа котлина, речиси од сите страни опкружена со планини, меѓу кои и мошне високите планински масиви на Олимп, на Пинд и на Оса. Како погранична област со Македонското Кралство, имала големо значење во односите на Македонија и хеленскиот свет.

од чести политички немири на аристократијата и на социјалните немири на пенестите – селанството, занаетчиите и трговците, кои биле лишени од политички права и оптоварени со политичка и стопанска зависност.

Кон крајот на Пелопонеската војна, со градот Фера загосподарил Ликофрон (404–390 год. пред н.е.). Во 404 год. пред н.е. тој го поразил претставникот на династијата на Алевадите и ја освоил Лариса, завладеал со целиот северен дел и го обединил поголемиот дел од политички разединетата Тесалија, растресена од незадоволства и од немири. Синот и наследникот на Ликофрон, пак, Јасон, ја наметнал својата власт во јужниот дел на Тесалија.

Но, на издигнувањето на Фера се спротивставила победничката Спарта од Пелопонеската војна, веќе афирмирана како хегемон на цела Хелада. Таа го имала предвид поранешното определување на Тесалците на страната на Персијците во Хеленско-персиските војни (490 и 480/479 год. пред н.е.), како и скоро привршената Пелопонеска војна, во која биле на страната на Атина, па овојпат не можела да ја препушти богатата житница Тесалија надвор од сферата на своето влијание. Освен поморската врска, таа била и нејзиниот единствен копнен пат кон централните простори на Балканот и кон Тракија. Притоа: „Никогаш не било лесно да се мине низ Тесалија без водич, но уште потешко било да се мине преку неа со вооружена сила. Всушност сите Хелени без разлика сметале за сомнително да се минува преку територијата на некоја соседна држава без нејзина согласност. Притоа симпатиите на народот во Тесалија биле од почетокот на времето на страната на Атињаните“ (Thucydides, 1942: IV, 78, 2).

Овојпат во немирната Тесалија се крстосале актуелните интереси на Спарта со Македонското Кралство. Поради историјата на дотогашните меѓусебни односи, сосема логично, за неопходната потреба од интервентна помош однадвор, тесалските олигарси не се обратиле до Спарта, туку до македонскиот крал Архелај како веќе афирмиран авторитет во регионот. Тоа било исклучително поволна прилика за него да интервенира во тесалските граѓански немири и да профитира, за што веројатно бил повикан од владејачките олигарси на родовите Скопади и Алевади. Од друга страна, тоа било и добра прилика да им се наметнат зависни вазални односи.

Архелај не чекал да биде испреварен од Спартанците, туку со брза енергична интервенција и огорчена битка ја зазел Лариса, за што бил награден со граѓанско право на градот. По востановувањето на власта на месните олигарси, како гаранција на лојалноста, тој зел десет нивни момчиња како заложници. Притоа, својата држава ја проширил на

областа Перајбија, која била присоединета кон Македонското Кралство (Herodes, 1908: 6, 16), со што ја исполнил својата планирана цел и добил пристап до богатата тесалска рамница.

Архелај го сметал вазалниот однос на Тесалија кон Македонското Кралство за привремено решение, со идни планови целосно да ја потчини и да ја присоедини кон својата држава, со што би го обезбедил пристапот кон Северна Хелада. Така, со повремени воени интервенции, воспоставил воена контрола и над тесалските области Триполитида и Магнесија. Може да се претпостави дека Архелај повторно го освоил стратегиски значајниот Heracleum за заштита на воената граница со северна Тесалија, а нема податок што се однесува на Метона (Hammond; Grifith, 1979: 139).

Но, на експанзијата на Македонското Кралство во Тесалија, како и што се очекувало, остро реагирала моќната Спарта. За одбегнувањето на директен воен судир со Спарта, македонскиот крал Архелај, како искусен и вешт политичар, по завршувањето на Пелопонеската војна (404 год. пред н.е.), ја вклучил својата дипломатија и Македонското Кралство да стапи во Пелопонескиот сојуз, со понуда да плаќа парични средства како што давале и другите членови на сојузот. Но, Спарта арогантно ја одбила неговата понуда, со образложение дека е предоцна за тоа, бидејќи во нејзината војна со Атина, тој не дал никаква помош, а освен тоа, како „тиранин и барбарин“, тој не можел да членува во хеленски сојуз[9]. Но, вистинската причина за одбивањето на Спарта била во неговиот забрзан растеж во моќен регионален фактор, подготвен авторитетно да се меша и во хеленскиот свет, со опасност од засилување на натамошните експанзионистички амбиции во непосредното соседство.

**Културните реформи.** Сестраните реформи на кралот Архелај биле добра основа и за културен подем на Македонското Кралство, па по примерот на старите хеленски тирани, напоредно презел и мерки како мецена за збогатување и развиток на сите сфери на творештвото, од: литературата, театарот, музиката и уметноста, до физичката култура. За таа цел, угледувајќи се на примерот на својот татко, кралот Пердика II, кој во Македонија ги поканил прочуениот лекар Хипократ од Кос и дитирамбскиот поет Меланипид, Архелај поканил на својот

[9] Определбата „барбари“ била најчесто користена за дистанцирање од Македонците. На пример, Трасимах од Калхедон во „Писмо до ларишаните“ (fr. 2) вели: „Треба ли ние, Хелените, да му бидеме робови на Архелај барбаринот?“, а тоа само ги потврдува напорите зошто кралот Архелај така упорно ја спроведувал долгорочната политика на хеленизација на своето кралство, за да се приближи до хеленскиот свет, кој игнорантски се дистанцирал од него.

двор на трајно населување и работење голем број поети, писатели и други културни дејци од хеленскиот свет.

На македонскиот двор престојувале: прочуениот атински трагедиограф Еврипид, хорскиот лиричар Тимотеј од Милет, епскиот поет Хојрил од Самос, атинскиот трагички поет Агатон, прочуениот фрескосликар Ѕевксид, атинскиот историчар Тукидид и други познати имиња. Кратко речено, како пребогат мецена, со прибирањето на овие значајни имиња во македонската престолнина, кралот Архелај го издигнал македонскиот кралски двор во најзначаен културен центар на своето време.

Но, притоа не успеал да го придобие славниот Сократ, кој скромно и мудро патриотски порачал да му пренесат дека „во Атина четири мери брашно чинат еден обол[10] и вода има во изобилие“ (Aristoteles, 1959: II, 23). Исто така, во изворите се наведува дека Сократ уште и подбивно рекол дека за украсувањето на дворот со фрески на сликарот Зевксид кралот платил 400 мини[11], а за своето културно издигнување не сторил ништо (Aelianus, 1858: VH, XIV, 17).

Почнувајќи од Александар I Филхелен (498–454 год. пред н.е.) и престојот на славниот Херодот на македонскиот двор (460 год. пред н.е.), експанзијата и амбициозните хегемонистички стремежи на Македонското Кралство кон разединетиот хеленски свет, ја поттикнувале македонската политичка пропаганда за божемното хеленско потекло на нејзината кралска династија. Притоа, македонската традиција, митологијата и преданијата, плански промислено биле пласирани преку најзвучните хеленски авторски имиња, од Херодот, преку Тукидид до Еврипид. Под превезот на прохеленската културна политика, постепено оделе во заборав автохтоните македонски културни појави и профили, а постојните хеленски историски извори (од хеленски автори и на хеленски јазик) на сето тоа му дале свој едностран белег со т.н. *interpretatio graeca* (хеленско толкување). Притоа користеле приближно соодветни описи, толкувања и именувања во хеленско руво. Но, при внимателното истражување, сепак блеснуваат, и камче по камче од мозаикот на македонската култура, македонските теми и по некој заборавен деец. Токму таков типичен период е и времето на кралот Архелај, виден низ скудните и политички замаглени прозорчиња на хеленските историски извори.

Но, очигледно, ова меценско „пресадување“ на хеленската култура на македонскиот двор не добило до поширока и подолговременска

---

[10] Хеленска ситна монета, 1/6 од драхмата.
[11] Хеленски монети од 100 драхми.

општествена поддршка, туку се ограничило на културниот слој на македонската аристократија, која го познавала хеленскиот јазик и ги прифаќала хеленските културни вредности.

На дворот на кралот Архелај се развила мошне плодна книжевна дејност, каде, секако, посебно се издвоил прочуениот атински трагедиограф Еврипид од островот Саламина (480 или 484 год. пред н.е. – веројатно 406 год. пред н.е.). Налутен од Атињаните поради неправедниот пораз на некој хорски натпревар, дошол на дворот на Архелај и решил тука трајно да се насели (408–406 год. пред н.е.). Опкружен со исклучително внимание од самиот крал, токму на дворот во Пела ги напишал своите последни дела: *Архелај, Ифигенеја во Авлида* и *Бакхи*.

Во делата на Еврипид напишани во македонската престолнина просто се вселила срасната македонска и хеленска митологија, со особено творечко обликување, преобликување и приспособување кон новото време, новата актуелна општествена средина и актуелните потреби на неговиот мецена – кралот Архелај. Токму со таквото користење на митовите, посебно од македонската митологија, тој најлесно можел да се вклопи во новата средина, да ги придобие членовите на кралскиот двор и поширoката публика. И тоа го чинел со посебно внимание и задоволство.

За нас е особено значајно неговото актуелизирање на македонската митологија, а посебно се интересни неговите творечки преобликувања на фактографијата, изместувањето на хронологијата и на интерпретацијата на мотивите. За жал, целокупното негово творештво од престојот во Македонија не е сочувано, па не е можна поцелосна анализа на сите негови дела со митолошка проблематика.

За делото *Архелај,* кое Еврипид го напишал во чест на својот домаќин, со сигурност се знае дека било завршено и изведено, но за жал од него се зачувани само малубројни фрагменти (Hyginus, 1742: 219; Austin, 1968). Во него тој употребил невообичаена уметничка слобода во преобликувањето на постојниот мит за создавањето на Македонското Кралство, притоа создавајќи нова верзија на познатата традиционална тема. Со цел да му се оддолжи за гостопримството, Еврипид го заменил традиционалниот основач на Македонското Кралство Пердика I со неговиот патрон ‡ самиот Архелај.

Се претпоставува дека и познатата трагедија *Бакхи* била напишана под влијание на неговите македонски искуства. Еврипид најверојатно во Македонија сосема непосредно го сретнал култот на Бакхос (од Хелените идентификуван како Дионис), едно од најпочитуваните

божества кај античките Македонци, и месните оргијастички ритуали во негова чест.

Интересно е што во трагедијата *Ифигенеја во Авлида* (стих 128–129) е зачуван и еден збор од терминологијата на македонската архитектура. Тоа е зборот *eustylos*, со значење на *naos*, којшто воопшто не се среќава кај други хеленски автори, а е посведочен на натпис од Вергина (Кутлеш) од V век пред н.е. (Saatsoglou-Palideli, 1996: 119; Проева, 1997: 214–215).

За жал, по релативно краткиот престој на кралскиот двор, Еврипид починал во 406 год. пред н.е., далеку од својата татковина. Бил погребан во градот Аретуса кај Амфипол со најголеми почести. На неговиот надгробен споменик бил испишан епитаф составен од македонскиот поет Адај, а неговиот гроб станал извонредно значајна знаменитост. Атињаните се обратиле до македонското Собрание, барајќи да се пренесат неговите посмртни останки во Атина, но биле едногласно одбиени (Anthologia Palatina, 1928–1938: 7, 5, 1; Aelianus, 1858: VH, XIII, 4; Aulus Gellius, 1903: XV, 20, 10).

Дознавајќи дека починал, славниот Софокле му посветил еден алузивен и метафоричен епиграм:

*Сонце, Еврипиде, беше, не дете, кога во блесок*
*стори да бидам гол! Друга љубеше ти,*
*кога Бореј те одвеа! Мудрост не покажа! Ерот*
*крадец го направи ти, посев посеа туѓ!*

Истото расположение го воспеал и познатиот историограф Тукидид во неговиот единствен сочуван епиграм:

*Цела Хелада спомен на Еврипид чува, а коски -*
*земја на Македон! Таму му пристигна крај.*
*Родина му е Хелада, Атена. Љубеше Музи,*
*блескотен нивен пој! Славен од многу е тој!*

И елегискиот поет Ион му посветил епиграм, споменувајќи ја Македонија, т.е. Пиерија, татковината на Хесиодовите Музи и последно засолниште на поетот:

*Збогум, Еврипиде, в црни пошумени спили*
*на Пиерија во ноќ вечна ти спечали дом!*
*Сепак, иако под земја, име нетлено имаш,*

*рамно на хомерски сјај. Вечна прелест си, знај!* [12]

Поради неговиот престој на македонскиот двор, заедно со Хомер, во хеленистичкиот период Еврипид станал најчитаниот автор, што е и основната причина што му се сочувани повеќе дела отколку на Ајсхил и Софокле[13].

Во поново време, кај Охрид биле најдени поголем број Еврипидови фрагменти во мисирските папируси и во делови од лексиконот на византискиот теолог Фотиј (Чадиковска, 1995: 11).

На македонскиот двор творел и хорскиот лиричар Тимотеј (*Timotheos*) од Милет (450–360 год. пред н.е.). Тој дошол од Атина и бил китарод, автор на дитирамби, химни и номи. Особен успех постигнал со своето дело *Персијци* од кое е зачуван само последниот дел и претставува лирски опис на поморската битка кај Саламина (480 год пред н.е.). Папирусот, на кој е пронајдено во Египет во 1902 год., е најстариот досега откриен хеленски папирус од IV век пред н.е. (Diehl, 1942: fasc. 5, 169–194). Неговите дела биле собрани во 18 книги, а зачувани се само околу 290 стиха. Тој направил повеќе иновации во музиката. Меѓу другото, ја додал 11-тата и 12-тата струна на китарата, го развил вокалното соло и т.н. нов китародичен стил. Како поет и китарод ја обиколил цела Хелада и малоазиските градови. Починал во Македонија, каде престојувал полни седум години (367–360 год. пред н.е.).

Атинскиот трагедиограф Агатон (*Agathon*) (448 или 446 – 400 год. пред н.е.), роден во Атина, бил близок и неразделен пријател на Еврипид и во 407 год. пред н.е. дошол трајно да живее на дворот на македонскиот крал Архелај (Aelianus, 1858: VH, XIII, 4). Тука и останал до крајот на својот живот, значи полни седум години. Пишувал трагедии и дела во проза. Зачувани се неколку наслови и 32 фрагмента од неговите дела (Tragicorum Graecorum Fragmenta, 1889: 763–769). Прочуен е по својот настап во Платоновата *Гозба* каде е претставен како образован, елегантен и убав човек.

Најголема оригиналност пројавил во композицијата на своите трагедии. Под влијание на младоантичките дитирамби, тој ги одвојувал хорските партии од дејството во рамките на драмата и ги

[12] Препеви: Е. Колева (Колева, 1995: 266–267).

[13] Од неговите 80-тина драмски дела, зачувани се вкупно 18: *Алкестида* (438 год. пред н.е.), *Медеја* (431), *Хиполит* (428), *Хекаба*, *Андромаха*, *Хераклејди*, *Хикетиди*, *Бесниот Херакле*, *Тројанки* (415), *Електра* (413?), *Хелена* (412), *Ифигенеја во Таврида*, *Јон*, *Феничанки*, *Орест* (408), посмртно изведените *Ифигенеја во Авлида* и *Бакхи*, како и трагедијата *Рес* за чијашто автентичност постојат поделени мислења во науката.

претворал во самостојни делови. Неговите трагедии биле претрпани со граѓа. Во една прилика тој се откажал да бара теми и ликови во традиционалните митови и сам ја создал романтичната фабула во драмата *Антеј*, а тоа всушност претставувала голема новост на атичката сцена. Пишувајќи за него, во својата *Поетика*, Аристотел критикува одделни недостатоци на нејзината композиција, но високо го вреднува како значаен автор за развојот на трагедијата, поредувајќи го веднаш зад: Ајсхил, Софокле и Еврипид.

Меѓу присутните културни дејци на македонскиот двор се споменува и името на епскиот поет Хојрил (*Choirilos*) од островот Самос (V век пред н.е.). Хојрил примал од Архелај по четири мини на ден и сите ги трошел за гозби (Athenaeus, 1887–1890: VIII, 345). Од неговото творештво се зачувани само малубројни фрагменти. Познато е неговото епско дело во кое е опеана победата на Атињаните над Персијците, како и делото *Самјани* во коешто го опеал своето родно место (Epicorum Graecorum Fragmenta, 1877: 265–272). Хојрил се обидувал да излезе од вообичаениот круг на теми поврзани со митот и своето епско градиво го црпел од историјата. Починал на македонскиот двор.

Се претпоставува дека на македонскиот двор престојувал и атинскиот историчар Тукидид (ок. 460 – ок. 395 год. пред н.е.), автор на познатата *Историја на Пелопонеската војна* во осум книги во којашто ги опишал настаните од 431–411 год. пред н.е. Меѓу другото, тој дава драгоцени податоци и за историјата на античка Македонија – меѓусебните борби на македонските племиња за обединување и создавање на единствена држава, ги дава имињата на разните кралеви, разните македонски градови, пишува за походот на одрискиот крал Ситалк во Македонија во 429 год. пред н.е. и е значаен историски извор за времето на владеењето на кралот Архелај.

Прочуениот фрескосликар Зевксид од Хераклеја го насликал кралскиот двор. Нему му се припишува основањето на македонската сликарска школа (Aelianus, 1858: VH, XIV, 17). Темните и едноставни градби од класичниот стил на Хелада, во Пела биле заменети со богати и со раскошни градби со големи перистили, украсени со мозаици и големи паноа во штукатура. Токму тие градби станале инспирација на т.н. барокен стил во Александрија.

Бидејќи Македонците немале право да учествуваат на хеленските Олимписки игри, во афирмацијата на македонскиот идентитет, државност и суверенитет, кралот Архелај воспоставил македонско религиско празнување во чест на Зевс и на Музите, со поетски и драмски натпревар и Македонски олимписки игри со атлетски

натпревари во светиот град Дион во Пиерија, на северните падини на Олимп, посведочени и со натпис (Merkelbach, 1973: 210). Тоа било создавање на нов религиозен и културен центар, како пандан на Олимпија и другите светилишта на Хелените.

Македонските олимписки игри се всушност паралелни олимписки игри со хеленските, но со една далекувидна меѓуетничка толеранција. Имено, додека правото за учество на хеленските олимписки игри било ограничено со хеленското етничко потекло, на македонските олимписки игри можеле да учествуваат сите пријавени натпреварувачи.

* * *

Кралот Архелај I го загубил животот од насилна смрт во лов, во времето кога Спарта го подготвувала својот напад на Македонското Кралство.

Постојат различни верзии за неговото убиство. Според една, бил убиен во несреќен случај со кусо ловечко копје од страна на неговиот омилен пријател Кратај (или Кратеј) (Diodorus, 1896: XIV, 37, 6) . Според друга верзија, бил убиен во заговор во кој учествувале Декамних, Хеленократ од Лариса и Кратај.

Сите тие имале свои причини за одмазда: Архелај му дозволил на Еврипид да го камшикува Декамних; Архелај не го исполнил ветувањето на Хеленократ од Лариса дека ќе го врати од прогонство во татковината; ниту пак Архелај го исполнил ветувањето на Кратај дека ќе му ја даде за сопруга својата ќерка (Aristoteles, 1957: V, 8, 11, 12; Aellianus, 1858: VH, VIII, 9.). Но, тоа се сепак само добри приказни, а вистината најверојатно лежи во политичките мотиви, особено во мешањето во внатрешните работи на Тесалците и воспоставената контрола на дел од нивните области.

Владеењето на кралот Архелај I е еден од најзначајните периоди во историјата на античките Македонци, бидејќи со неговата сеопфатна реформаторска дејност во сите сегменти на општествениот живот, го издигнал Македонското Кралство во еден од клучните политички и економски фактори на балканската историска сцена, а македонската престолнина станала еден од најзначајните културни центри на своето време.

**Извори:**

Aelianus. 1858. *Fragmenta (Varia historia. Epistulae rusticae).* Ed. R. Hercher. Paris.

Andokides. 1913. *Orationes*. Ed. F. Blass – C. Fuhr. Leipzig.

*Anthologia Palatina*. 1928–1938. Ed. P. Waltz. Paris.

*Aristotelis Politica.* 1957. Ed. W. D. Roos. Oxonii.
*Aristotelis Ars Rhetorica*. 1959. Ed. W. D. Roos. Oxonii.
*Athenaei Dipnosophistae.* 1887–1890. T. 1–3. Ed. G. Kaibel. Lipsiae.
Austin, C. 1968. *Nova Fragmenta Euripidea in papyris reperta*. Berlin.
Diehl, E. 1942. *Anthologia Lyrica Graeca II*. Teubner.
*Diodori Bibliotheca Historica*. 1896. Ed. Fr. Vogel. Vol II. Leipzig.
*Epicorum Graecorum Fragmenta*. I. 1877. Ed. G. Kinkel. Teubner.
Platon. 1938–1940. *Opera.* T. 1-5. Ed. J. Burnet. Oxford.
Polyainos. 1887. *Strategemation libri octo*. s. l.: rec. F. Wölflin.
*Thucydidis Historiae*. 1942. Ed. H. S. Jones – J. E. Powel. Oxonii.
*Tragicorum Graecorum Fragmenta*. 1889. Ed. A. Nauck. Lipsiae.
*Xenophontis Historia Graeca*. 1940. ed. G. Hude. Lipsiae.
*Herodu Peri politeias.* 1908. s. l.: ed. E. Drerup.
Hyginus Gaius Julius. 1742. Fabulae (во: *Scriptores Mythographi.* ed. Av. Stavaren, Leiden).

**Литература:**

Borza, E.N. 1990. *In the shadow of Olympus: the emergence of Macedon.* Priceton/N. J.
Hammond, N.G.L. and G.T. Grifith. 1979. *A History of Macedonia*. Vol. II. Oxford.
Head, B.V. 1911. *Historia numorum*. Oxford.
Merkelbach, R. 1973. OLYMPEIA (ZPE 12).
Petsas, P. 1978. *Pella, Alexander the great's capital*. Institute for Balkan studies. Thessaloniki.
Saatsoglou-Palideli, H. 1996. *A fragmentary Inscription od the Classical Period from Vergina (*AncMac II. 1993). Thessaloniki.
Кацаровъ, Г.И. 1922. Царь Филипъ II Македонски. В: *История на Македония* до 336 год. пр. Христа. София.
Колева, Е. 1995. Уште неколку белешки за Еврипид. В: *Еврипид. Хиполит; Ифигенеја во Авлида; Бакхи*. Скопје.
Микулчиќ, И. 1973. Една нова остава на тетрадрахми и преглед на монетните наоди од V-II век на ст. р. В: *Годишен зборник на Филозофскиот факултет*). Скопје.
Проева, Н. 1997. *Студии за античките Македонци*. Скопје.
Проева, Н. 2004. *Историја на Аргеадите*. Скопје.
Чадиковска, Д. 1995. Предговор. В: *Еврипид. Хиполит; Ифигенеја во Авлида; Бакхи*. Скопје.
Шелдаров, Н.; Лилчиќ, В. 1994. *Кралевите на античка Македонија и нивните монети во Републкина Македонија*. Скопје.